MACEDONIAN FISHING FEDERATION
Add: Bulevar "Koco Racin" 75
Skopje, Republic of Macedonia
Tel/fax: +389 2 31 64 539
E.mail: contact@mrf1952.mk
Website: www.mrf1952.mk

МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА
Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75
Скопје, Република Македонија
Тел/факс: +389 2 31 64 539
E.mail: contact@mrf1952.mk
Website: www.mrf1952.mk

ПРОГРАМА
за Спортско риболовен Куп ИЛИНДЕН - 2026
категорија Сениори, У-25 и У-20

Согласно усвоениот Календар и Пропозициите за Спортско-риболовни натпревари во дисциплината „Пливк" за 2026 година, ја објавуваме Програмата за **Спортско риболовниот Куп ИЛИНДЕН - 2026**. Натпреварот ќе се одржат на акумулација Водоча, Струмица, на ден 07.06.2026 год.

Организатор на натпреварот: Македонската Риболовна Федерација (во понатамошниот текст МРФ) и Натпреварувачката комисија за дисциплина Пливка.

Право на учество во Спортско-риболовниот Куп ИЛИНДЕН – 2026 имаат сите Риболовни Здруженија и Клубови (во понатамошниот текст РЗК), членки на МРФ, со максимално две екипи, доколку навремено се пријават, ја уплатат годишната членарина за 2026 година и ја платат пропишаната котизација.

Котизацијата за сениорска екипа изнесува 1.500 денари а за категоријата У20 и У25, котизација не се плаќа.

Краен рок за пријавување и уплата на котизација е 01.07.2026 година.

Подмесување документи за регистрација на спортски риболовци во 2026 год. најдоцна до 27.05.2026 год.

Екипите се составени од 3 (три) натпреварувачи, 1 (еден) резервен натпреварувач и 2 (два) капитени на екипата. За утврдување на идентитетот, членовите на екипите задолжително треба да поседуваат Спортски легитимации за 2026 год. Сите натпреварувачи и капитени да носата обележја на своето РЗК, и да бидат истообразно облечени.

Натпреварот нема да се одржи доколку се пријават помалку од 5(пет) екипи.

Сите РЗК што ќе се пријават за учество на Спортско-риболовниот Куп ИЛИНДЕН – 2026 во конкуренција Сениори, задолжително мора да пријават и најмалку еден натпреварувач во категориите У-20 или У-25.

Право да пријават свои натпреварувачи за овој Куп имаат и РЗК кои немаат свои екипи конкуренција сениори, доколку благовремено извршат пријава и ја уплатат годишната членарина на МРФ за тековната година во предвидениот рок. Бројот на натпреварувачи не се ограничува.

Натпреварот во категориите У-20 или У-25 нема да се одржи доколку на Купот се пријават помалку од 5(пет) натпреварувачу во едната или другата категорија.

За учество во категорија У-25 натпреварувачот во 2026 да не полни повеќе од 24 години, а за категорија У-20 да не полни повеќе од 19 години.

Помлад натпреварувач може да настапи само во една категорија повисоко (У-25 во сениори, У-20 да настапи во У-25 и У-15 да настапи во У-20 категорија). Доколку натпреварувач од У-15 настапи во категоријата У-20 го губи правото да се натпреварува на Државното Првенсто за У-15 и

Купот Рибарче.

На патеката се нај активни следните видиви риби: плашица(белвица), црвеноперка, американско сомче, карас, крап, клен и др. Дозволено е да се ловат сите видиви риби без ограничување на големината.

Нема ограничување на риболовниот прибор и техниките на ловење, освен во категоријата У-20 каде риболовната трска не смее да биде подолга од 11,5 метри.

Минималната должина на чиварката несмее да изнесува помалку од 3,5 м. за сениори, 3 м. за У25 и 2,5 м. за У20.

Дозволениот прибор и опрема за натпреварот, количината на прихрана и мамки ќе бидат согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“.

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилата за натпревари во дисциплината „пливка“. За екипите на сениори, пресметувањето се врши само во екипна конкуренција, освен за избор за спортист на годината каде се бодува и поединечниот резултат. За натпреварувачите У20 и У25 пресметувањето се врши во поединечна конкуренција а резултатите влегуваат за избор на спортист на годината во дисциплината пливка.

Тренинг на патеката е дозволено на ден 06.06.2026 год. во времето од 08,00 до 16,00часот.

СААТНИЦА ЗА 07.06.2026 год. – НЕДЕЛА

Сатница за Сениори и У25:

До 07:00 пристигнување и пријавување на екипите и натпреварувачите
07:15 – Свечено отварање на Купот ИЛИНДЕН - 2026
07:30 – 07,45 извлекување на стартните позиции
07:45 - 08:00 пристап до стартните места
1 сигнал 08:00 влегување во стартните места
2 сигнал 08:05 пет минути до контрола на прихраната и мамките
3 сигнал 08:10 контрола на прихраната и мамките
4 сигнал 09:20 тешка прихрана
5 сигнал 09:30 почеток на ловењето риби
6 сигнал 13:25 пет минути до крајот на натпреварот
7 сигнал 13:30 крај на ловењето риби
15,00 соопштување на резултатите.

Саатница за У20:

До 07:00 пристигнување и пријавување на натпреварувачите
07:15 – Свечено отварање на Купот ИЛИНДЕН - 2026
07:30 – 07,45 извлекување на стартните позиции
07:45-08:00 пристап до стартните места
1 сигнал 08:00 влегување во стартните места
2 сигнал 08:05 пет минути до контрола на прихраната и мамките
3 сигнал 08:10 контрола на прихраната и мамките
4 сигнал 09:20 тешка прихрана
5 сигнал 09:30 почеток на ловењето риби
6 сигнал 12:25 пет минути до крајот на натпреварот
7 сигнал 12:30 крај на ловењето риби
15,00 соопштување на резултатите.

За нејасни прашања може да се обратите до претседателит на натпреварувачка конисија „Пливка“, Димче Мајковски.

Натпреварувачка комисија „Пливка“
Димче Мајковски